

# Interchange North West

## Interchange North West нуди рекреактивни активности за деца и млади луѓе со попречености (disabilities).

### Починка (Respite)

Програмите на Interchange North West имаат за цел на младиот човек вклучен во програмата да му пружат вредно и позитивно искуство, и истовремено на неговиот негувател да му пружат починка. Починката може да го намали стресот од водењето грижа и да им помогне на негувателите да го чуваат сопственото здравје и добросостојба. Починката им дава време на негувателите да се посветат на други работи, на други членови на семејството и, над сé, да посветат време на себеси.

### Услуги и рекреативни програми

Активностите имаат за цел да им помогнат на учесниците да најдат нови пријатели, да се забавуваат и да се чувствуваат ценети во заедницата. Акцентот е врз општествената интеракција, задоволството од учењето нови способности, како што се независното патување, и учеството во видови активности во кои уживаат други деца и млади луѓе на иста возраст.

### Рекреативна програма

- Забава и активности базирани во заедницата за деца и млади луѓе со попречености
- Активностите се одвиваат во групи во кои членови на групите имаат слични интересирања и хобија, и се на слична возраст
- Излегувањата вклучуваат посети на спортски и настани во заедницата, со користење на јавен превоз, купување, одење во диско
- Активностите дома вклучуваат готвење, караоке, турнири во игри, уметност и ракотворби

### Други активности

- Програми во текот на училишни распусти
- Логорувања за деца и млади луѓе со попречености
- Семејни излети за млади семејства

### Кој може да ги користи овие услуги?

- Семејства со деца и младинци на возраст од 5 до 17 години, кои живеат во мелбурншките општини Морленд и Хјум.

### Колку тоа чини?

- Цените за поединци за програмите на Interchange North West се обично меѓу 15 и 20 долари по сесија. Дополнителни тарифи постојат за логорувања и излети.

### За натамошни информации:

- Телефонирајте на Commonwealth Respite and Carelink Centre / CarerLinks North - служба на Merri Community Health Services на: 1800 052 222 или (03) 9495 2500

Interchange North West

Sharing in the care of children since 1980

Објавено во ноември 2010

За повеќе информации или ако ви треба состанок, јавете се на Merri Community Health Services.

Merri Community Health Services

www.mchs.org.au